ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 16.10.2015

# СООПШТЕНИЕ

## Крводарителска акција во ФЗОМ



По повод петнаесет години постоење на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, денес се организираше крводарителска акција во која активно се вклучија директорите, 60 вработени од централата и 120 вработени од подрачните служби на Фондот. Крводарителската акција, „Спасете живот - дарувајте крв“, е организирана во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и Црвениот крст.



„Како вработени во Фондот, не се грижиме само за здравствената политика, туку даваме и личен пример со кој би сакале да ги мотивираме сите да даруваат крв за да се спаси нечиј живот“, изјави директорот Стефаноски и упати апел доколку сме во можност да се вклучиме во што поголем број.

„Крводарителската акција се одвива на ниво на цела институција и вработените од сите 30 подрачни служби денес ја покажаа својата хумана страна преку несебично дарување крв“, информираше директорот Орхан Рамадани.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH



Оваа хуманитарна акција истовремено има цел да ја подигне свеста за потребата и важноста од доброволното дарување крв, свеста за хуманоста и спасувањето човечки животи и да охрабри и поттикне што е можно повеќе луѓе да започнат со овој благороден чин.

Крводарителната акција во Фондот се организира по трети пат под мотото „Фондовско срце“.